Зоран НАЦЕВ

УДК: 323.1(497.7).„2001-“

# ПРЕКУ СУБВЕРЗИВНА ВОЈНА ДО ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР

## Вовед

Основниот концепт на трудов се темели врз идејата да се анализира конфликтот во Република Македонија манифестиран во 2001 год. преку два аспекта. Едниот се однесува на применетиот воено-политички концепт и стратегијата од страна на екстремистичко-терористичките групи во остварувањето на нивната цел. Другиот дел, главно, се концентрира на идентификацијата на факторите што придонесоа за несоодветно активирање на механизмите на одбранбено-безбедносниот систем во справувањето со предизвиканата криза.

Поминаа над две години од конфликтот во Република Македонија. Најголем дел од граѓаните кои оваа држава ја сметаат за своја татковина, најверојатно, сѐ уште си ги поставуваат прашањата; што, зошто и како ни се случи она што го видовме и почувствувавме во 2001 година, наспрема ова што значи сегашна состојба како произлез од настаните. Видувањата, ставовите и оценките за природата и карактерот на судирот се различни. Распонот на разликите е мошне широк и, главно, е зависен од националната припадност на директно инволвираните во конфликтот.

Таква поларизација беше забележана и кај меѓународните субјекти чии интереси се преплетуваа пред, во текот и во постконфликтниот период. Оттука и не треба да нѐ зачудува присутноста на широка скала на искажувања за причините, суштината и крајните цели на конфликтот, давани од страна на домашни експерти, политички субјекти и надворешни авторитети. Во таа насока бележиме варијабилни оценки и различни именувања на оние што го иницираа и го почнаа насилството:

терористи, екстремисти, герилци, востаници, криминалци, борци за кауза и, за правата на малцинствата и сл. Сообразно на тоа, а со разгорувањето и развојот на конфликтот, се редеа и квалификации на судирот: тероризам, герила, бунт, востание, етнички судир, граѓанска војна, војна од трет вид, пуч, културна револуција и сл.

Токму оваа различност нè предизвика во трудов да се обидеме да одговориме на прашањето: кое би било најсоодветно „име“ за она што ни се случи, имајќи ја предвид постоечката типологија на војни и содржинската страна на манифестираната појава кај нас, а потоа ќе го идентификуваме стратегиско-политичкиот концепт на екстремистите во остварувањето на крајната цел, како и улогата на надворешниот фактор во кризата.

Од друга страна, се обидовме да одговориме на неколку сложени прашања и тоа: Зошто неподготвени влеговме во конфликтот, односно кои беа суштествените причини за почетната збунувачка, несоодветна и неефикасна реакција на одбранбените сили? Колку ние самите, поради недоволната решителност, создадовме простор меѓународните субјекти да ги трансформираат оценката за конфликтот и вокабуларот што го користеа за неговите предизвикувачи? Можеме ли да тврдиме дека одделни заинтересирани меѓународни фактори знаеја, очекуваа и придонесуваа во креирањето и дозирањето на воено-политичката димензија на конфликтот, контролирајќи го во сите фази на неговата ескалација и неговото завршување? Како и зашто се случи државата која се потенцираше како пример за другите земји по однос на решавањето на меѓунационалните односи „преку ноќ“ од „оаза на мирот“ да мутира во кризно жариште?

Можеби одговорите на овие прашања некому ќе му се сторат како залуден (задоцнет) истражувачки зафат со оглед на интенциите дека случувањата треба што побрзо да се заборават, бидејќи нивните консеквенции ги гледаме сега во облик на нова законитост во општествените односи. Сосема е разбирливо дека не смееме да робуваме на минатото или, пак, временски блиски негативни случувања да ни бидат основна

пречка за суштествена комуникација во иднината и за општиот просперитет. Но, сепак, соодветно разобличување на настаните од 2001 година, преку давање одговори на прашањата кои ги потенциравме, би било пред сè во функција на поука што сè би требало да преземеме за спречување на концептот според кој екстремисти од различни сорти сметаат дека вооруженото насилство е најлесниот пат до моќта и власта.

## 1. Видот и типот на манифестираното насилство

Во 2001 година беше манифестирано насилство од страна на организирани и вооружени екстремистички групи кои преку вооружени дејства тргнаа во остварување на проектираните интереси и цели. Тие очигледно беа длабоко убедени дека насилните методи се единствена алтернатива за остварување на аспирациите во одделни историски околности и состојби. Кои беа тие луѓе? Од каде потекнуваа идејните водачи и спроведувачите на акциите? Дали се работеше за наши сограѓани или имавме работа со странски државјани кои дојдоа под името на своите „браќа“ да го направат тоа што тие го посакуваа, но не можеа да го остварат на тој начин. Одговорот на ова прашање, всушност, ќе претставува и прв чекор во определувањето на видот и типот на манифестираното насилство во земјава, имајќи ја притоа предвид постојната класификација на војните и нивните дериватни појави.

Класичното поимање на војната е дека таа е судир меѓу две или повеќе држави во кои организирано и масовно се применува вооружено насилство заради остварување на политички цели. Ако работите ги гледаме низ призмата на ова толкување, тогаш во Р. Македонија формално-правно немавме војна, додека во содржинска смисла се одвиваа воени дејства и акции. Попрецизно кажано, не бевме нападнати од страна на некоја соседна или друга држава, иако надворешното влијание го чувствуваме и препознававме, во латентна или во директна форма и содржина. Сознанијата недвосмислено укажуваа дека дел од поранешните припадници на УЧК и на Заштитниот корпус од Косово се префрли

на наша територија заради изведување на терористички и борбени акции. Таквиот упад не можеше децидно да се именува како напад од страна на соседна држава. Многу информации говореа дека екстремистите се обучуваа во некои кампови лоцирани во северниот дел на Р. Албанија и оти преку оваа држава се дотураше оружје и опрема за екстремистите во Р. Македонија. Стриктно посочување на албанската Влада дека со тоа е директно инволвирана и одговорна за судирот едноставно не можеше да помине без сериозни импликации во меѓународните односи. Како и да е, нелегалното приклучување на дел од граѓаните, државјани на СРЈ (Косово) и Р. Албанија, доброволно или како платеници, во структурите на ОНА, за дејство на нашата територија, не можеше да се оквалификува како стратегија на државните институции на тие земји, односно дека се тоа дел од нивните легитимни безбедносни структури.

Оттука, Собранието на Р. Македонија и да сакаше едноставно немаше доволно аргументи за прогласување на воена состојба. Ако, сепак, се одлучеше на таков чекор, тогаш на пример, СРЈ би била агресор бидејќи Косово е составен дел од нејзната територија. Ако, пак, хипотетички гледано, како страна во судирот се утврдеше дека е Косово, тоа ќе значеше прејудицирање и признавање на државноста на оваа покраина и објавување војна против ООН и нејзините мировници бидејќи станува збор за протекторат на Светската организација.

Наместо прогласување, надвладуваа искази од типот: упад на екстремисти од соседни држави, прелевање на конфликтот од Косово и сл., без јасна класификација на типот на судирот во земјава.

Ако не е војна во изворното значење на оваа појава, тогаш кој поим би бил најсоодветен за именување на манифестираното насилство во Р. Македонија во 2001 година.

Според наше видување, конфликтот во Р. Македонија спаѓаше во категоријата на субверзивна војна. Следат неколку образложенија со кои ќе се обидеме да го потврдиме искажаниот став. Поимот субверзија

значи преврат, односно поткопување и менување на постојниот статус кво во земјата со цел промена на структурата на власта. Субверзивната војна, пак, опфаќа широк спектар на содржини, инструменти и организациони форми преку кои се остваруваат проектираните цели. Во теоријата се познати главно следниве облици на манифестирање на субверзивната војна: саботажи, тероризам, герила (герилска војна), бунт, востание, револуција, пуч, државен удар, војна од „тред вид", меѓуетнички судири.

Се работи за случувања кои се одвиваат во рамките на една територијално дефинирана политичка заедница (држава) меѓу одделни заедници, некоја заедница и државните институции, парамилитантните групи и легитимните безбедносни сили, за акции на одделни слоеви и естаблишменти (на пример, на дел од војската или полицијата) против владејачкиот режим, за судир меѓу новоформирани структури обединети со идеја или идеологија против државното раководство и сл.

Насилството во 2001 година, кое го нарековме субверзивна војна, имаше повеќе варијанти на манифестирање, значи без доминација на една форма во изведувањето на дејствата. Притоа, на судирот му претходеа извесни облици на граѓанска непослушност, почна со изведување на диверзии и терористички напади, за потоа групите да се трансформираат во парамилитантна органиизација која преку герилско војување постапно воспоставуваше контрола врз територијата каде што е доминантно албанското население. Сообразно на тоа, криминално-терористички банди веќе во мај месец се нарекуваа герилци, борци за остварување на малцински права со назнака дека немаат сецесионистички аспирации туку дека се за единствена Р. Македонија, но устроена врз поинакви уставни основи. Преку борбени акции на теренот го придобиваа населението за својата кауза, со што создаваа предиспозиции на престојните избори преку политичка програма и легален настап да ја сменат дотогашната владејачка гарнитура во која партиципираа претставници од албанскиот блок. Тоа во многу елементи наликуваше на

специфичен пуч со одложено дејство и ефект, а темпирано за изборите. Резултатите од изборите го покажаа „ефектот" на тоа што го правеа, бидејќи околу 70% од албанското гласачко тело им ја дадоа довербата. Па така, довчерашните екстремисти своите дувла ги заменија со удобните пратенички и функционерски фотелји.

Во натамошната елаборација на проблемот ќе се повикаме на една изјава во медиумите на висок функционер на ДПА, кој изборните резултати резигнирано ги прокоментира со исказ: „Зар требаше да водат војна за да дојдат на власт".

Навистина, мораше ли преку насилство да дојде до промени кои се проектираа во Охридскиот договор, односно, дали незадоволството од општите состојби и особено од положбата на албанското малцинство беше од таков карактер што неминовно беше потребен вооружен ангажман за да се наметне „подобра иднина" на Р. Македонија и на самата албанска популација. Како сето ова да го коментираме наспроти дотогаш неподелените оценки од релевантни меѓународни субјекти, за тоа дека во Р. Македонија правата на малцинствата се поставени според највисоките важечки стандарди. Од каде тогаш поттици доброто да се смени во уште подобро и тоа по насилен пат.

Едно од објаснувањата би било дека, по сè изгледа, подолго време создававме лажна, посакувана претпоставка оти меѓунационалните односи се на оптимално ниво или, пак, некој нè убедил во постоењето на таква состојба. Настаните недвосмислено покажаа дека проценките се разликуваа од она што објективно се случуваше на теренот и во секојдневниот живот, а информациите или не доаѓаа или, пак, се игнорираа од страна на оние кои требаше соодветно да реагираат. Можеби се сметаше дека тогашниот албански коалиционен партнер е најповикан да ги среди работите во „својот" атар. Но, очигледно се покажа дека таквото препуштање на работите не беше продуктивно. Напротив, најверојатно оптоварени со потребата за заштита на интересите на албанската заедница, по цена и на непримерени компромиси, а секако и поради зачувување на придобивките и бенефициите кои произлегуваа

од вршењето на власта, уште повеќе ги поттикнаа одделните албански екстремистички кругови по пат на оружје да ги остварат интересите на Албанците во Р. Македонија. Целокупното дејствување на тогашните албански партиципиенти во власта, особено во делот кој се однесува на правата и потребите на нивните сограѓани, според проценките на одделни кругови на македонските Албанци и оние однадвор, не било на потребно ниво и усогласено со општите состојби во земјава и со тенденциите во овој домен. Гледајќи ги работите од сегашен миг, се прашуваме дали тоа била основната причина за конфликтот или пак се работи за реализирање на поширока програмска платформа, во чија агенда настаните од 2001 година се само фаза во конечното дообликување на замислениот концепт. Ако за ова просудуваме врз основа на сегашната заложба на новоустоличените партиципиенти во коалицијата од делот на албанскиот блок, впечатливо е нивното настојување да покажат и докажат дека приоритет им е Р. Македонија како заедничка татковина, без алтернатива. Натамошниот период ќе ја потврди или демантира првичната импресија, наспроти некои други варијанти чии приврзаници негуваат илузии од типот на голема Албанија, големо Косово и сл.

## 2. Воено-политичка стратегија на екстремистите

Инструменталниот и политичкиот аспект на спроведените акции и дејства од страна на екстремистите, во никој случај не може да се оквалификуваат како спонтан излив на незадоволство. Напротив, станува збор за внимателно и временски подолго подготвувана операција за чија реализација се чекаше погоден амбиент и момент. Концептуалните планери и организатори на субверзивната војна очигледно не беа аматери. Комплексната стратегија што беше спроведена покажува дека за противник имавме поединци и структури што располагаа со широк спектар на познавања од воената и безбедносната проблематика. Оттука, многу е веројатно дека доктринарно-стратегискиот дел (планот) бил нарачан од некоја респективна странска агенција која има капаци-

тети и искуство во оваа област. Оперативното раководење и ефектуирањето на дејствата на теренот, главно било препуштено на домашните одметнати припадници на армиските и безбедносните структури, зад кои стоеја надворешни советници, инструктори и сл. Во војничкиот состав надвладуваа македонски Албанци, а имаше и бивши припадници на УЧК и платеници („пци на војната"). Сè на сè, за реализација на целите наменски беше оформена една формациска структура чија големина се проценуваше на бројка од 5.000-7.000 припадници.

Опремени со лесно пешадиско, противоклопно и противоздушно вооружување, минско-експлозивни средства и минофрлачи, ја одбраа герилско-партизанската тактика на дејствување. Преку брзо маневрирање и префрлање на силите и тежиштето на акциите, надополнето со држење на определени линиски позиции, а максималноползувајќи го факторот простор, настојуваа да го остварат стратегискиот концепт наречен „да не се загуби". Придобивајќи го на најразличен начин најголемиот дел од албанското население на своја страна во реоните во кои дејствуваа, создадоа поволни услови за движење, распоредување, стационирање и за логистичка поддршка. Непристапниот и тешкиот терен знаеја да го искористат во своја полза како и да создадат впечаток дека контролираат значителна територија. Зад себе, во критични околности, за отстапница ја имаа покраината Косово. Граничната линија кон СРЈ во тој дел се покажа како многу порозна, иако во спротивното нè уверуваа нејзините чувари од таа страна, припадниците на КФОР. Кога веќе на неколку наврати го споменуваме просторот, треба да се има предвид и тоа дека, вообичаено, специфичната конфигурација на теренот, како што беше во овој случај, при класична агресија, е во полза на бранителот. Но, во овој конфликт тоа беше обратно, релјефот и сето она што оди со него се покажа како ограничувачки фактор за успешно спротивставување со противник кој е доминантно жител на тие простори.

Се навраќаме на споменатиот стратегиски концепт наречен „да не се загуби" со цел да го поврземе со политичката димензија на стратегискиот контекст кој го спроведуваа екстремистите. Се работи за следново:

Во водењето војна спротивставените страни се обидуваат да победат или, пак, да не загубат во судирот. Победник е оној што ќе успее војнички да ги порази трупите на противникот, да ја скрши нивната волја за натамошен отпор, со што се стекнал со одлучувачки предиспозиции да ги диктира условите за мир, на начин како што тоа му одговара. Но, ако не се успее во намерата војнички да се порази послабиот противник, односно ако неговиот отпор продолжува преку трансформирани форми на борба и отпор, без лимитирање на времетраењето на таквите дејства, а со цел да не се биде поразен, тогаш се можни две решенија. Едното е, посилната страна да се определи за континуирана и долготрајна конфронтација ако нацијата е спремна да ја поддржи таквата ориентација без оглед на човечките жртви и економските последици. Другото е, да се преговара со непријателската страна за условите на мирот, со попуштање и прифаќање на основните барања на противникот. Ова, второво, значи дека иако послаб, противникот успеал да не загуби, а да се најде во позиција на рамноправен партнер во преговорите за мир. Крајната цел на воениот поход била создавање поволна преговарачка основа овозможена од воената ситуација на теренот. За да бидат работите уште појасни, ќе го земеме примерот на Јапонија и нејзиниот ангажман во Втората светска војна. Како што е познато, Јапонците влегоа во војна со САД по нападот на Перл Харбур. Сигурно дека царот и неговите воени команданти не сметаа на тоа дека ќе ги поразат американските сили, односно дека триумфално ќе продефилираат во Вашингтон, бидејќи воената моќ на САД многукратно ја надминуваше силата на Јапонците. Нивото на рационалната размисла најверојатно одеше во насока дека почетните успеси, односно остварената контрола на дел од Пацификот, ќе претставува добра основа за преговарање во околности кога противникот ќе ја загуби волјата за продолжување на војната. Меѓутоа, нивните проценки се покажаа како погрешни.

Во нашиов случај сметаме дека надвладуваше слична логика на размисла и стратегиски пристап, кои, меѓутоа, добија поинаков исход (Охридски договор, влез на екстремистите во владејачката гарнитура и др).

Во принцип, и според искуството, герилата не може брзо и во кус временски период да ги победи легитимните безбедносни и армиски сили. Ако нацијата е спремна на жртви во секој поглед, судирот може да се провлекува со години и децении. Но, ако дејствата на герилците постапно придонесуваат за кршење на волјата за справување со нив, тогаш преговорите на „зелена маса" се успехот што го очекуваат.

Во конфликтот во Р. Македонија екстремистите по сè изгледа не се носеа со идеја дека победоносно ќе продефилираат низ улиците на Скопје.

Впрочем, за такво нешто немаа реални шанси со оглед на односот на силите. Но, создавајќи предиспозиции за преговори преку запоседнување и контрола на определена територија и со придобивање на меѓународните субјекти, во кус период успеаја на политички план да го издејствуваат посакуваното. И тоа не како директни преговарачи, туку преку меѓународни посредници за „општото добро" на Р. Македонија.

### 3. Улогата на меѓународниот фактор

Иако бевме лути, огорчени и бесни на „олеснувачите" и на оние држави и организации кои ги пратија, долгорочно гледано, можеби ни направија голема услуга на која во овој историски миг гледаме со сомнеж. Со цел реално да ги процениме работите, иако и самиот припаѓам на оние кои сè уште ја чувствуваат огорченоста од севкупните настани во 2001 година, за пример ќе го земеме Арачиново. Опколените припадници на ОНА (се проценува дека беа околу 500) заедно со дел од тимот на странски инструктори и советници, немаа реални шанси да се извлечат од обрачот. Во прашање беа часови кога тие ќе беа уништени или заробени. Но, се случи, под притисок однадвор, да се постигне договор тие од страна на американските војници и со нивни моторни возила, да бидат извлечени и транспортирани во базата Бон Стил на Косово. Меѓутоа автобусите со екстремистите не ја поминаа границата кон Косово. Наводно, пресретнато од соборците на ОНА, малубројното обезбедување на конвојот морало да ги ослободи за да се избегнел

сериозен инцидент. Извлечени и ослободени со целокупното вооружување, екстремистите се префрлија во реонот на Радуша каде што продолжија со борбите.

Дали меѓународните арбитри ги спасуваа „нивните“ или екстремистите, или, пак, и едните и другите. Чинот ќе го толкуваме низ следнава призма. Што ако се случеше да бидат уништени екстремистите со неизбежни жртви на страната на безбедносните и армиските сили, проследено со разурнување на објектите во селото. Колку тој настан и тие од сличен тип што ќе следеа, ќе нè закрвеа до тој степен што каква било форма на сопирање на судирот всушност ќе значеше само привремен мир за конечна пресметка, поради многубројните здобиени душевни рани? Дали визијата за „утре“ по такви и слични ситуации всушност ќе биде војна до истребување и опстанок на едните или другите? Имено, познато е дека и во самиот тек и по завршувањето на насилствата мора да се размислува како ќе се живее натаму. Ако периодот на (привремен) мир ни биде исполнет со сонот за одмазда, таквата држава во која граѓаните ќе живеат едни покрај други нема шанси да опстане.

Ако може да се рече нешто добро за однесувањето на многубројните меѓународни фактори спрема кризата во Р. Македонија, тогаш по сè изгледа клучен момент е тоа дека не дозволија да се разгори судирот до ниво на општа долготрајна граѓанска војна, базирана на етничка и религиозна основа. Сопирајќи ја во фаза кога таа сè уште нудеше шанси и можности за продолжување на животот врз нови компромиси и основи, меѓународната заедница, во крајна линија, одигра позитивна улога во кризата во Р. Македонија.

## 4. Општи состојби и карактеристики на одбранбениот систем пред и во текот на конфликтот

Во почетниот стадиум на кризата, ние не бевме доволно подготвени за брзо и ефикасно елиминирање на конфликната ситуација. Или, попрецизно кажано, отсуствуваше потребниот акционен зафат и ефект, наспроти неоспорната желба и волја за адекватно справување со

појавеното зло. Очигледното присуство на сопирачки механизми од различен вид и природа, ја задржуваа очекуваната и нужната реакција на безбедносните сили. На виделина излегоа редица проблеми од системски и прагматичен карактер, како последица на многубројни пропусти што се провлекуваа во изминатите години, а значително зголемени во новосоздадените конфликтни околности. Имено, првите кадри од „ролјата Танушевци“ почнаа во најнеповолен момент за воено-одбранбените сили. Односно, албанските екстремисти и терористи, како и нивните поддржувачи, имаа информации од внатрешни и надворешни „експерти“ дека термински и ситуациски, тоа бил најпогоден период за остварување на плановите. Претходните тврдења ги поткрепуваме со следниве податоци и факти.

Министерството за одбрана и АРМ беа затекнати во најнезгодната фаза од нивното преструктурирање и приспособување кон новата организациска и функционална поставеност, согласно стандардите на НАТО. Старата структура не беше докрај расформирана, а новата постапно се осмислуваше и градеше. Во тие рамки АРМ беше некаде на средина на организациско-формациската реконструкција. Главните активности одеа во насока на бројно намалување на редовниот и резервниот состав[1] со поинаква формација и структура на единиците, командите, генералштабот, со нов пристап кон обуката, логистиката и др. Отстапки од заземениот курс на трансформација веќе не можеа (и не смееја) да се направат, но она што загрижуваше во тој момент беше несфатливо долгиот временски интервал на трансформација, што директно се одразуваше на можноста за остварување на основната деј-

---

[1] Тој број сили што требаше да се намали постоеше само во плановите, на „хартија“, без реална основа дека некогаш воопшто би можел да се ефектуира во тој обем. Интересно е да се напомене дека челниците на армиите од некои источноевропските земји често потенцираа дека реформите во АРМ се многу полесна и поблагодарна работа бидејќи создаваме, односно надградуваме на постоечкото, додека тие се принудени нивните предимензионирани и фактички постоечки вооружени состави да ги реконструираат, намалат речиси на половина и да решаваат многу придружни проблеми (предвремено пензионирање, отпуштање од работа, уништување на вишокот вооружување и сл.).

ност и функција на АРМ. Не можевме да се оттргнеме од впечатокот дека таквата комоција на извесен начин беше стимулирана со определена цел. Кон тоа, во голема мерка, придонесуваат припадниците на МПРИ - тимот[2]. Слична состојба беше присутна и во Министерството за одбрана (цивилниот дел). И двете структури (МО и АРМ) беа во една раштимувана фаза, со измешани старо-нови сегменти, функции, кадри.

Згора на тоа, изготвувањето на два клучни нормативни акта: Законот за одбрана и за служба во АРМ, потоа Годишната национална програма за членство во НАТО (ГНПЧ), како и на други нужни документи од областа на меѓународната соработка, во периодот непосредно пред конфликтот, заради роковите до таа мера беше интензивирано, што најголем дел од носечкиот кадровски потенцијал во МО и АРМ се исцрпуваше до крајни граници, зашто оформувањето на овие документи имаше најголем приоритет. Време за решавање на натрупаните проблеми во „базата“ едноставно немаше, иако според нивните реакции, тие веќе не смееше да се пролонгираат.

Вработените во МО беа загрижени за својата кариера бидејќи во тек беше изготвувањето на новата организација и систематизација. Егзистенцијалните и прашањата врзани за натамошната кариера, надвладуваа над тековните обврски, партиските (или самоинаугурираните) „воини“ во кулоарите ги составуваа листите на „погодни и соодветни“ кадри што ќе ги заземаат местата на новата хиерархиска скала. Тензиите во колективот се вжештуваа, суштествените работи сè повеќе го губеа приоритетот, а искусните професионалци ја трошеа енергијата за одгатнување на прашањето „што со мене?“ и сл. Во моментов кога тоа беше најпотребно и не можеше да се очекува оти нивната реакција на скудните информации дека нешто се подготвува, ќе биде навремена и соодветна. Затоа и не треба да нè чуди што машинеријата наречена МО и АРМ, длабоко навлезена во ремонтна фаза, со пробиени рокови за повторно

---

[2] Приватна американска агенција, ангажирана и финансирана од страна на администрацијата на САД, кои во рамките на помошта на нашата земја имаа цел да придонесат за соодветно преструктурирање на МО и АРМ според стандардите на НАТО.

активирање, несоодветно реагираше на пројавените почетни терористички атаци. Можеби и можеше ако малубројните професионални, но добро обучени, оспособени и вооружени елитни воени сили, во соработка со нивните колеги од полицијата, адекватно беа употребени во самиот зачеток на конфликтот. Лично сметам дека тоа ќе го направеа ако беа „пуштени" да го сработат тоа за што се квалификувани.

На ова место ќе го отвориме прашањето (проблемот) околу вооружувањето и опремувањето на АРМ. Факт е дека АРМ, во континуитет, во периодот на нејзиното десетгодишно постоење, не успеа да го оствари посакуваното (оптимално) ниво на вооруженост и опременост. Тие не беа основни виновници за тоа. Скромните финансиски средства ги задоволуваа само основните потреби. Дури и тие, планираните скудни буџетски пари за потребите на одбраната, многу често, не пристигнуваа во полн обем, односно дел од нив се префрлуваа за други намени, поткрепени со прозаични образложенија дека „нема да има војна" дека „НАТО ќе нè одбрани" и слично, па зашто тогаш да трошиме толку за одбраната.

Овој недостиг беше еден од основните ограничувачки фактори за навремено справување со екстремистите во ситуација кога на АРМ и беа „одврзани рацете" за дејство. Се загуби многу време за дополнителна набавка на она што недостигаше, за негово вклучување во борбениот состав, а за волја на вистината, недостигот беше многу поголем отколку што се очекуваше. За жал, АРМ во одделни сегменти не ни знаеше што поседува.

За наша среќа, во тоа време беше завршена продажбата на Телеком, па дел од овие средства беа ставени на располагање на МО и АРМ. Исто така, поинтензивно пристигнуваа од порано најавените донации во возила и опрема од повеќе пријателски земји, кои по почнувањето на конфликтот дополнително и поинтензивно нè помогнаа, при што предничеа некои од соседните држави. Сето ова на извесен начин го олесни и го ублажи проблемот врзан за трошоците на војната, иако државата беше спремна, ако затреба, да ја отвори финансиската славина докрај. Но, како по непишано правило, во сите војни се јавува и военото

профитерство. Па така и кај нас дојде до таква појава, за што говорат обелоденетите афери врзани за такви активности, а очекуваме допрва да се откријат и другите.

Од сложениот мозаик на присутните состојби кои не одеа во прилог на нашата подготвеност за војна се издвојува и фактот дека голем процент на стручњаци и офицери од МО и АРМ, во моментот на отпочнувањето на конфликтот, ја следеа повеќемесечната курсна настава по странски (англиски) јазик[3] како основен ангажман, односно тие личности беа оддалечени и ослободени од нивните редовни должности. Кон оваа бројка се приклучува, не мал број лица кои по разни основи беа на подолготраен престој надвор од земјата. Ако тие беа однапред планирани активности, во сообразност со прифатените критериуми за трансформација, тогаш тоа што не беше планирано и претпоставено е фактот што по почнувањето на кризата голем број лица од воените и цивилните структури „сфатија“ дека е време да ги искористат преостанатите денови од одморот или отидоа на „боледување“ (вкупно околу 10% од луѓето од платниот список во МО и АРМ). Во најмала рака, ова беше мошне симптоматична ситуација.

Честите промени на челниот човек во МО (во просек еднаш годишно) проследено со „неизбежни“ кадровски ротации на речиси сите нивоа, на раководниот естаблишмент, мотивирано од партиски или лични интереси, причинуваше една неподнослива и непримерена флуктуација на кадри. Беше воспоставена вообичаена практика, особено од 1995/96 год., одделни искусни и високостручни лица на високи позиции на раководната хиерархиска пирамида да бидат „фрлени на шалтер“ само затоа што не се вклопуваа во новата шема на позиционирање, замислена од новодојдените челници и гарнитури. И обратно, несоодветно едуцирани, нестручни и неспособни кадри (но заслужни), се поставуваа на чувствителни и сложени места. Таквиот зачестен, синусоиден цикличен процес на ротација, создаде депримирачка состојба во МО, проткаена со исчеку-

[3] Еден од условите за прием во НАТО е старешините и другите лица, да го познаваат и да комуницираат на англиски јазик.

вање и приспособување, со надеж дека можеби новите луѓе ќе ги вратат состојбите на потребното ниво. Се заборави дека се работи за живи суштества, а не за предмети, човечкото достоинство стана категорија за поткусурување, луѓето „од зорт“ се претворија во камелеони, но со веќе исцрпен спектар на природни па и вештачки бои за камуфлажа. Искра надеж за подобро кај веќе заморените чиновници дојде со донесувањето на Законот за државни службеници. Заштитните бариери вметнати во неговите одредби, со цел стабилизирање на хаосот во оваа област, не го дадоа очекуваниот плод. Интенциите на Законот на многу начини се игнорираа.

Општо земено, чувството на работна и материјална несигурност, поларизацијата на вработените по разни основи, непочитувањето на критериумите за напредок и сл., беа основни белези на факторот наречен „човечки ресурси“ во МО непосредно пред конфликтот. Иако најголем дел од вработените сакаа, можеа, знаеја и умееја, пропустите од системски карактер ги стеснуваа можностите тоа да го покажат. Имено, место организациите од овој вид да дејствуваат по автоматизам, според утврдените процедури, функционирањето предоминатно зависеше од субјективниот фактор. Затоа и не треба да нѐ зачудува фактот што челната група луѓе кои требаа да раководат и да командуваат со акциите против екстремизмот и тероризмот по вокација беа: историчар на уметноста (министер), социолог (негов заменик), инжинерец (началник на Генералштабот) и интендант (заменик на началникот на ГШ). Нивната недвојбена настојчивост соодветно да одговорат на настанатата сложена и нетипична ситуација во која бевме втурнати, не беше доволна да ја компезира присутната недоволна стручност за да се справат со комплицираните околности. На ова се надворзува, методистичко-религиозната ориентација на Претседателот на државата, во чии ангажмани како врховен командант на вооружените сили, оваа линија можеби се покажа како пресудна за окончување на судирот. Некогаш е навистина извонредно тешко да се спои состојбата на внатрешниот дух со овластувањата произлезени од уставната и законската регулатива кои во даден момент на

одлучување ефектуираат убивања, материјални штети и застрашувачка болка, во име на доброто.

Најверојатно и шефот на државата ја имаше воочено оваа несоодветна комбинација на вокацијата на челните луѓе во МО и АРМ, па донесе одлука за повторно ангажирање на претходниот пензиониран началник на Генералштабот да ги води операциите против екстремистите. Во даден момент имавме двајца луѓе на чело на АРМ, еден за во „јавност" другиот за на „терен". Мошне необично ако се има предвид еден од основни принципи на раководењето и командувањето, едностарешинството.

Ова го потенцираме бидејќи е познато дека организации од овој тип функционираат на тој начин што речиси целокупната иницијатива, задачите и конкретниот ангажман, особено во деликатни времиња, доаѓаат „одозгора", а линијата на раководење станува поцентрализирана во однос на извршителите. Ако импулсите од врвот се слаби, несоодветни или збунувачки, воено-одбранбениот систем тешко се раздвижува, без оглед што ситуацијата тоа нужно го налага, како што беше во нашиот случај. Не можеме а да не го потенцираме и фактот дека присутната, преголема концентрација на овластувањата и моќта кај челните луѓе во МО, воспоставена како повеќегодишна практика, нив ги стави во позиција да станат заложници на непотребните административно-техничките работи, претежно наоѓајќи се во позиција, позната во теоријата на раководењето како „немам време". Ако е тоа присутно во мирновременски услови, тогаш во периоди на кризи, немањето на доволно време за донесување на рационални одлуки станува лимитирачки и речиси решавачки фактор за соодветно функционирање на целокупниот одбранбен систем.

Дека се заплеткавме и заглавивме во една нетипична состојба говори и податокот што во нашата законска и друга регулатива не постоеше нормативно покривање на можноста за дејствување на системот за одбрана, особено на силите на одбраната, за тип на судир каков што ни беше наметнат. Односно, раздвижувањето и ефектуирањето на планските документи, главно, беше врзано со одлуките за прогласување на

непосредна воена опасност или воена состојба. Како што веќе споменавме, во текот на целиот конфликт, немаше никакво прогласување, иако беа присутни заложбите на Владата да се донесе одлука дека Р. Македонија е во воена состојба.

Тоа создаде една напната и иритирачка конфузија, бидејќи како што истакнавме, активирањето на суштинските мерки и активности од планот за одбрана беше блокирано од недонесувањето на споменатите одлуки од страна на надлежните орани на власта (Собранието или Претседателот). Ако така може да се каже, останаа само уставните одредби за „заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет" кои „дозволуваа" борбено ангажирање на вооружените сили и мобилизирање на резервниот состав, додека другите делови од системот останаа во мирување. Дојде до активирање на хуманитарни и некои други невладини организации како своевиден супститут на „цивилниот дел" од одбранбено-заштитниот систем.

Поради непрецизноста на одделни законски норми беа забележливи недоразбирањата на релација Претседател на државата, Министер за одбрана и Владата на Р. Македонија, во делот на разграничувањето на ингеренциите и координацијата. Слична состојба беше и во односите меѓу армијата, полицијата, агенцијата за разузнавање и некои други безбедносни структури. Работите сепак успеаја да се подобрат со формирањето на координативното тело за справување со кризата, но не онака како што се очекуваше, бидејќи веќе бевме во фаза кога се бараа начините за запирање на конфликтот преку преговори на „зелена маса" под медијаторство на преставниците на меѓународната заедница.

Во целиот тек на судирот, Хашкиот трибунал фигурираше како Дамлоков меч над главите на воените и цивилните раководители, што придонесе многу акции непотребно да бидат омекнувани од аспект на начинот на дејствувањето. Изразот „прекумерна употреба на сила" стана ноќна мора за многумина како во планирањето така и во изведувањето на акциите. Затоа и не треба да нѐ зачудуваат случаите кога и за основни тактички дејства на единиците се чекаше парафот на шефот на државата или тој лично да ги определи целите на таквите акции.

## Заклучок

Овдека се обидовме да го оквалификуваме карактерот на насилството што беше манифестирано во конфликтот од 2001 година во Р. Македонија. Како основен репер во овој напор, предвид ја имавме содржинската страна на конфликтот. Во оваа смисла судирот го именувавме како субверзивна војна. Тоа беше војна која имаше некои карактеристики на револуција и се наоѓаше некаде помеѓу граѓанска војна и војна против странска држава.

Имавме работа со т.н. привремен непријател со масовност проектирана за остварување на конкретната цел. Сообразно на тоа беше оформена и негова стратегија на дејствување, која всушност не подразбираше воена победа во класична смисла туку доволно долго бранење и опстанување за да се скрши волјата за победа на другата страна, при што со преговорите за мир би ги задоволил своите барања. Значи, беше присутна типична асиметрија во однос на настојувањата едниот да победи, а другиот да не биде поразен.

Заборавивме на правилото дека прекумерната слабост на државата во безбедносниот сегмент ги разбудува и поттикнува надежите за релативно лесно остварување на интересите и целите по пат на вооружено насилство. Ако притоа нема и доволно други механизми за одвраќање на такви поттици, или, пак, свесно или несвесно се стимулираат уверувањата во леснотијата на успехот, со текот на времето, тие дополнително се зацврснуваат.

Екстремизмот добиваше стручна и материјална поддршка однадвор. Покрај тоа, тој успеа кај голем дел од припадниците на албанската заедница во Р. Македонија да етаблира нова волја за поддршка на концептот кој го остваруваше под име на каузата, иако таа латентно постоеше и отпорано.

Вистината за судирот стана прва жртва на судирот, а војната се преобликува во составен дел на стремежот за мир. Притоа, слободата на дејствување на легитимните државни и безбедносни институции во

справувањето и управувањето со кризата беше под силен мониторинг на меѓународни авторитети и организации. Нивната добронамерност во тој период наликуваше на лимитирање на суверeното право за обликување на сопствени одлуки. Но, со време може да се покаже дека нивното севкупно ангажирање било навремено со цел спречување на разгорувањето на судирот до ниво кое ќе значеше дека никакво помирување не е можно, односно, самото постоење на едниот и другиот ентитет да значи судир.

Ги изнесовме организациските и функционалните слабости на одбранбениот систем и на основните носители на работите од оваа област, МО и АРМ, со цел извлекување соодветни поуки („научени лекции“), како основа за преземање корективни акции за подобрување на системот.

Ги преферираме слабостите што не значи дека немаше моменти за истакнувања. Напротив, колку и да беа присутни проблемите и пропустите од системски карактер, ентузијазмот, решителноста и личната храброст на луѓето кои беа на првата борбена линија, до извесна мера ги компензираа недоразбирањата, давајќи личен белег и придонес во борбата против екстремизмот. Теренско-изведбениот дел на микрониво беше посветла димензија на судирот отколку политичкиот дел.

Презентираните и анализираните содржини во трудов главно значат пресек на општите состојби на отпорано натрупаните проблеми во одбранбениот систем, надополнето со анализи на кумулативните негативни содржини манифестирани во конфликтот. Колку и да се тие критички интонирани, сепак, не се насочени кон девалвирање на поединци и структури кои ја имаа таа „среќа“ тоа да се случи во нивно време. Имено, ситуацијата во која се најдовме беше резултат на влијанието на многу фактори, а одговорните лица и органи затекнати во тој момент, беа ставени во позиција да ги „вадат врелите костени“.

Како што и сами гледаме, судирот кој на самиот почеток беше злосторнички, стана почеток на нова легислатива. Најверојатно, најголем

дел од граѓаните на Р. Македонија би сакале новоприфатената легислатива, изборена по воен пат, да биде брана за евентуални нови екстремисти кои во некоја друга визија ја гледаат иднината на земјата.

Не треба да се заборави дека ниту едно непријателство не е вечно, интересите се вечни. Нема заедница без доверба бидејќи ако сонот за реваншизам и одмазда ни го исполнува времето наречено „помирување со судбината", за некој разумен живот во Р. Македонија тешко ќе може да стане збор.

(Рецензент: *Проф. д-р Љубомир Цуцуловски*)

## SUMMARU

Zoran NACEV

## THROUGH SUBVERSIVE WAR UNTIL THE OHRID AGREEMENT

In this paper an analysis about the crises in the Republic of Macedonia provoked by the Albanian extremists and terrorists, from a many perspectives, has been made. On the basis of the general typology of the wars and them derivatives phenomenon, the clash in the country is named as subversive war. The war had some characteristics of revolution and civil war, in which the extremists, basically, used the gerilian (partisans) tactic of warfare, with dominant strategic concept named as "do not lose", in other words to kept them positions as long as possible and to defend them with one aim – their objectives to be achieved through the negotiations for peace. The organizational aspect of our security plan before and during the conflict has been evaluated, which was the basis to reflect the method used during the conflict management phase. In that framework the level of preparedness and the role of Ministry of defense and ARM has been introduced and also the coordination between all security structures, the role of the international factors etc.

***Key words:*** *subversive war, strategy, conflict, extremism, crises, preparedness, negligence, peace.*